РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ

| Примено | 18 -02- 2008 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. един. | Број | Прилог | Вредност |
| 07 | 825/1 | | 12 13 |


ПРЕДЛАГАЧ Иван Стоилковиќ

ДО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 189 а во врска со членот 133 од Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија Ви доставуваме Предлог-Декларација за почитување на Повелбата на Организацијата на обединетите нации и меѓународниот правен поредок.

Предлагаме Предлог-Декларацијата да се разгледа на првата наредна седница на Собранието на Република Македонија.

ПРАТЕНИК

Иван Стоилковиќ

Предлог

Врз основа на член 68 став 2 од Уставот на Република Македонија Собранието на Република Македонија, на седницата одржана на _____________ , ја донесе следнава Предлог

# Д Е К Л А Р А Ц И Ј А
## за почитување на Повелбата на Организацијата на обединетите нации и меѓународниот поредок

Имајќи ги во предвид основните цели и принципи на Повелбата на Организацијата на обединетите нации , како и одговорноста на Советот за безбедност за одржување на меѓународниот мир и безбедност ;

Земајќи ги во предвид своите обврски кон Повелбата на Организацијата на обединетите нации која , пред се , се однесува на поддржување на меѓународниот мир и стабилност во светот ;

Искажувајќи ја својата подготвеност за примена на сите неопходни мерки, со цел развој на општествените односи врз основа на Повелбата на Организацијата на обединетите нации и општо прифатените принципи на сувереност , равноправност , непроменливост на границите и уважување на територијалната целовитост на државите ;

Потврдувајќи ја својата приврзаност кон принципите и нормите утврдени со Хелсиншкиот заклучен акт , Париската конвенција за нова Европа , Копенхагенскиот документ од 1999 година , документите на ОЕБС и другите документи на Советот за безбедност на Организацијата на обединетите нации;

Нагласувајќи го отпорот кон секаков обид за нарушување на територијалниот интегритет и суверенитет на државите членки , како активности кои се неспоиви со целите и принципите на Повелбата на Организацијата на обединетите нации ;

Изразувајќи ја својата загриженост заради ескалацијата на тероризмот во целиот свет , во сите негови форми и појави , насочени против територијалната целовитост , суверенитет , политичка независност и безбедност на државите ;

1. Собранието на Република Македонија ги обврзува институциите на системот за почитување и зацврстување на сопствената територијална целовитост и развојот на регионалната соработка , стабилност и добрососедските односи .

2. Собранието на Република Македонија ги задолжува сите државни органи во Република Македонија , своите активности да ги спроведуваат врз основа на меѓусебно разбирање , почитување и доверба и да се залагаат за разрешување на настанатите спорови и конфликти исклучиво низ преговори и со мирни демократски средства и на никаков начин со своите активности да не ја загрозат Повелбата на Организацијата на обединетите нации , меѓународниот мир , безбедност и стабилност .

3. Собранието на Република Македонија јавно ја декларира осудата на употребата на сила или други форми на дејствување чија примена би значела нарушување на постојните граници на суверените држави.

4. Собранието на Република Македонија , ги задолжува државните органи да работат , и со сите средства да придонесуваат за остварување на меѓународниот мир , безбедност и стабилност и да ги применуваат сите неопходни мерки за спречување на меѓународниот тероризам и заштита на своите граѓани .

5. Собранието на Република Македонија и сите државни органи ќе се придржуваат до сопствените потписи и ратификации на меѓународните конвенции и договори кои се однесуваат на меѓународниот правен поредок , борбата против меѓународниот тероризам и утврдувањето на меѓудржавните граници .

6. Собранието на Република Македонија и сите државни органи ќе остваруваат широка меѓународна соработка во областа на безбедноста на границите и контрола на документите , усовршување на пограничната контрола , меѓусебната размена на информациите за лица поврзани со меѓународниот тероризам , швец на оружје и други облици на организиран криминал .

7. Собранието на Република Македонија им налага на сите државни органи да се посветат на борбата против сите облици и форми на организација , поттикнување , давање на помош и подршка за учество во конфликти или терористички постапки и со инструментите на правната држава да ги сузбиваат таквите активности .

8. Собранието на Република Македонија за сите појавни облици на загрозување на територијалниот интегритет и суверенитет и политичката независност на Република Македонија, ќе го информира Советот за безбедност на Организацијата на обединетите нации , односно генералниот секретар, и ќе ги интезивира мерките за спречување на таквите обиди

9. Оваа Декларација ќе се објави во Службен весник на Република Македонија.

Собрание на Република Македонија

Претседател на Собранието
на Република Македонија

Љубиша Георгиевски